СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ
членка на NBG групацијата

**Информација поврзана со 51-то Собрание на акционери на Стопанска банка АД – Скопје одржано на 30.05.2023 година**

Во однос на точка 4 од Дневниот ред на 51-та седница на Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје одржана на 30.05.2023 година, а која се однесуваше на разгледување на предлози поднесени од акционерите, односно:

- Предлог за измена и дополнување на Статутот на Стопанска банка АД – Скопје, поврзано со правата на приоритетните акции поднесен од имател на приоритетни акции;
- Предлог за конверзија на приоритетни акции во обични акции поднесен од имател на приоритетни акции;
- Предлог за конверзија на приоритетни акции во обични акции поднесен од група на иматели на приоритетни акции кои представуваат 10,9% од приоритетните акционери;
- Предлог за конверзија на приоритетни акции во обични акции поднесен од Национална Банка на Грција С.А. Атина;

Ве информираме за следното:

Нотарот утврди присуство на акционери и претставници на акционери кои вкупно поседуваат 24.711 приоритетни акции (10.8% од вкупниот број на приоритетни акции) што претставува недоволен број на пријавени и претставени акционери што го предвидува Законот за трговски друштви при разгледување и дискусија на предлози кои ги засегаат двата рода на акции.

Поради ова, **се утврди дека НЕМА кворум за разгледување и одлучување по точка 4 од Дневниот ред на 51-та седница на Собранието на акционери на Стопанска банка АД - Скопје.**

31.5.2023 година, Скопје
**СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ**